UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2021, ISSUE NUMBER 12

**GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP**

**FACULTY OF LAW**

**ISSN 2545-4021**

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

**ISSUE 12** **VOLUME XII**

**YEAR 2021**

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**

**FACULTY OF LAW**

**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**
**Year 2021, Issue Number 12**
**ISSN 2545-4021**
**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D
**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Associate professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for
Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"
**Editorial Staff**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Teaching assistant Natasha Doneva, LL.M
**Editor in chief**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
**Language editor**
Sladjan Spasovski
(Macedonian language)
**Technical editor**
Slave Dimitrov
**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip Republic of North Macedonia

# СОДРЖИНА

*ГЕОРГИЕВА Даниела*
КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ФЕМИЦИД........................................................................................5

*ПАНЕВСКИ Перица*
ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И АСПЕКТИ НА ПСИХО-СОЦИЈАЛНИ ИНТЕРВЕНЦИИ: СЛУЧАЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА........................................................................................19

*СУРЛОВА Розе*
АНАЛИЗА НА МЕРКАТА ПРИТВОР НИЗ ПРИЗМАТА НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И СЛОБОДИ ВО НАШЕТО ЗАКОНОДАВСТВО ........................................................................................33

*ШАЛЕВА Корнелија*
КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА УБИСТВОТО КАКО НАСИЛЕН КРИМИНАЛИТЕТ .........................43

**ГЕОРГИЕВА Даниела** **УДК: 343.61-055.2**

# КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ФЕМИЦИД

**Апстракт:** Темната страна на човекот отсекогаш излегувала на површина преку извршување на криминални дела. Во однос на криминолошките аспекти, досега преку бројни научни истражувања, особено за убиството, се има на увид обемот, динамиката, структурата, географската распространетост, временската рамка на извршените убиства, начинот како и други аспекти кои се појаваат при откривање, разјаснување и докажување на кривично-правниот настан. Додека пак фемицидите (родово базираните убиства) се екстремна манифестација на ваквиот тип убиства и претставуваат една од најтешките форма на насилство врз жените на која, пред сè, ѝ претходи континуирано повеќегодишна тортура (насилство) од секаква форма, особено насилство во кругот на семејство и тие не се така изолирани инциденти кои се случуваат ненадејно и неочекувано. Самата етиологија на фемицидите е пред сè во историски нееднаквата положба и алокација на моќ помеѓу мажите и жените, како и во континуираната родова дискриминација. Во оваа насока е значајно да се спомене и неспорната појавата на родоцид (*gendercide*), женскиот инфантицид и родово заснован полово селективен фетицид во одредени држави и секако потребата од подлабока анализа, особено на родово заснована дискриминација од секој аспект.

**Клучни зборови:** *Убиство, фемицид, инфацид , фетицид, криминална ситуација.*

**GEORGIEVA Daniela** **UDK: 343.61-055.2**

# CRIMINAL ASPECTS OF FEMICIDE

**Abstract:** The dark side of man has always come to the surface through the commission of crimes. Namely, so far through numerous scientific researches, especially for murder, the scope, dynamics, structure, geographical distribution, time frame of murders, the manner and other issues are appear when discovering, clarifying and proving a criminal legal event. Human life is inviolable, and that is why murder is criminalized as a phenomenon in all countries without exception.

While femicide / gender-based homicide is an extreme manifestation of this type of homicide and is one of the most severe forms of violence against women, which is preceded by years of torture / violence of any kind, especially violence within the immediate, extended family and the like. These are not isolated incidents that occur suddenly and unexpectedly, but femicides are the most severe form of violence against women and occur in various modalities. The etiology itself is primarily in the historically unequal position and allocation of power between men and women, as well as in the continuing gender discrimination. In this regard, it is important to mention the indisputable occurrence of gendercide, female infanticide and gender-based sex selective feticide in certain countries and of course the need for deeper analysis, especially of gender-based discrimination in every aspect.

**Keywords** : *Murder, femicide, infacid, feticide, criminal situation*

**ВОВЕД**

Генерално, свесни сме дека секогаш и во секое време има простор и потреба за општествено превентивно реагирање. Едукацијата на граѓанството, особено за сторителите/жртвите е потребна од секој можен аспект, а особено за прифаќање на состојбата во која се наоѓаат и можноста од надминување на состојбата, односно секојдневните конфликти.

Во однос на фемицидите е неспорно да се спомене дека всушност родово базираното насилство е еден од индикаторите кој сè уште не се препознава или не се сака да се препознае. Иако сме секојдневно сведоци на напорите на сите и владини и невладини организациите кои работаат на унапредување на родовата рамноправност, кои пак од друга страна неспорно доведоа до значителни подобрувања во законската рамка особено во делот која го регулира семејното насилство, но сепак насилството врз жените во домот сè уште останува значително занемарено и непријавувано. Во однос на горенаведеното, има потреба многу да се работи од повеќе аспекти, пред сè со цел да се дојде до препознавање на ваков тип убиства/фемициди и нивно превенирање, а понатаму и секако доколку е сторено кривично дело и негово откривање, разјаснување и докажување.

Во Уставот на Република Северна Македонија, се гарантирани човековите права и слободи, како еден дел од фундаменталните права на демократијата воопшто. Правото на живот е неприкосновено и уставно загарантирано право кое што не може да биде ограничено по ниту еден основ. Убиство/фемицид е акт со кој директно се уништува човековиот живот и се загрозува темелното право на неприкосновеност на животот и телесниот интегритет на човекот.

Преку согледување на криминолошките карактеристики на кривичните дела би се добила многу појасна слика за состојбата на криминалитетот на убиствата/фемицидот. Меѓутоа до моментот на пишување на овој труд, во Република Северна Македонија нема јавно објавени (достапни) истражувања воопшто за фемициди освен две анализи изготвени од Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, односно Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во Република Македонија, подготвена со техничка и финансиска поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП)[1] и Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во Република Северна Македонија. Автор на публикацијата е Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство“[2]. Аналогно на ова, логично е дека не се истражувани и криминолошките карактеристики. Што од друга страна е разбирливо имајќи го предвид фактот што во нашиот Кривичен законик, фемицидот не е препознаен како посебно кривично дело и се третира како и секое друго кривично дело „убиство“.

**Фемицид**

Во однос на кривично правните аспекти на фемицидите во нашето законодавство, семејното насилство или насилството на интимен партнер што му претходи на убиството се зема како отежнувачка околност во судските постапки и одредувањето на казните.

[1] Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во Република Македонија подготвена со техничка и финансиска поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП)

[2] Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во Република Северна Македонија ,Автор на публикацијата Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство“

Низ историјата на општествата може да согледаме дека се различни пристапите во поглед на криминализацијата на феноменот на убиството. Важно е да се истакне фактот дека уште од порано кај општествата се создава свест за штетноста за феноменот на убиство, па аналогно на
тоа се преземаат и активности во насока на спречување на оваа појава. Но, фемицидот е глобално идентификуван како водечка причина за прерана смрт кај жените. Фемицидот е најекстремната манифестација на машкото насилство врз жените, а сепак за фемицидите постојат ограничени податоци. Всушност, според податоците објавени во глобалната студија за убиства од 2013 година на Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал, „една од две убиени жени е убиена од нејзиниот интимен партнер или член на семејство“[3].

Фемицидот се состои од насилни акти кои можат да доведат до убиство, а тие можат да бидат: емоционална и психолошка злоупотреба, тепање, навреди, тортура, силување, проституција, сексуално малтретирање, злоупотреба на деца, инфантицид (убиство на деца, посебно на новороденчиња) на девојчиња, осакатување на гениталии, семејно насилство, итн.

Под поимот фемицид[4] генерално се подразбира намерно убиство на жена затоа што е жена, но пошироките дефиниции ги вклучуваат сите убиства на жени или девојчиња. Фемицид најчесто се врши од блиски партнери на жртвата кои можат да се моментални или поранешни партнери, но секако се/биле во близок, најчесто интимен контакт со жртвата. Од напред наведеното може да констатираме дека фемицидот генерално се разликува од другите убиства по тоа што во повеќето случаи фемицидите се извршени од страна на нивни интимни партнери и/или поранешни партнери и овде главна карактеристика е континуираното постојано насилство/злоставување во домот, упатување на закани или заплашување, како и континуираното сексуално насилство. Имено фемицидите, особено се изразени во специфични ситуации каде што жените имаат помалку ресурси отколку нивниот партнер или немаат моќ да се справат со наметнатите неприфатливо општествени и семејни односи во домот.

Фемицидот претставува екстремен континуитет на антиженски терор вклучувајќи широк обем на вербални и физички злоупотреби, како: силување, мачење, сексуално ропство, инцестуозни или многу блиски семејни злоупотреби на деца, физичко и емоционално мачење, сексуално вознемирување (преку телефон, на улица, во канцеларија и во училница), осакатување на гениталиите (клиторидектомии, ексцизија, инфибулации), непотребни гинеколошки операции (хистеректомии), присилена хетеросексуалност, присилна стерилизација, присилено мајчинство (поради криминализацијата на контрацепцијата и абортусот), […итн…] .[5]

Во однос на извршениот „фемицид“ - убиство, криминолошките аспекти треба да ни дадат одговор и неопходно потребни информации за ситуацијата во која е извршено убиството. Конкретната криминална ситуација/моментот на сторување на делото, особено пак за фемицидите претставува еден систем од дејствија кои го идентификуваат сторителот во самиот момент на извршување на фемицидот, изразено преку начинот на кој е извршено убиството, трагите на кривичното дело, личноста на сторителот и секако личноста на жртвата на убиството, но од особено значење е да не се заборави елементот на насилство кој вообичаено континуирано му претходи на фемицидот.

---

[3]ttps://www.unodc.org/documents/commissions/CCPCJ/Crime_Resolutions/2010-20120192019/2013/General_Assembly/A-RES-68-191.pdf

[4] http://apps.who.int/iris/bitstream/10665/77421/1/WHO_RHR_12.38_eng.pdf

[5] https://meduza.mk/fem-101/shto-pretstavuva-femitsidot/

Феноменологија, етиологија и превенција треба да дадат приказ на сите криминолошки карактеристики на фемицидот. За потребите на определување на криминолошките карактеристики на кој било вид на криминалитет, вклучително и за фемициди, потребно е анализирање и одредување на неколку важни аспекти, и тоа: пронаоѓање на причината; изучување на причината; утврдување на изворот. Самиот процес на пронаоѓање на причината, нејзиното проучување и изворот на криминалот како и деликвенцијата воопшто, не е едноставен и генерално зависи од повеќе различни фактори кои се насочени и кон поединецот/сторителот и кон општествената средина.

Вообичаено при истражување на **етиолошките карактеристики** на криминалот и деликвенцијата во криминологијата се среќаваме со поделба на етиологијата на: ендогената етиологија која е насочена кон личноста и причините и секако егзогената етиологија, насочена спрема општеството и промените кои настануваат во самото општество и кои влијаат врз настанување на криминалот и деликвенцијата. Во рамките на етиолошките фактори може да се систематизираат и општествените состојби, моменталната состојба на самата личност како и нејзиното место т.е. поставеноста во општеството, степенот на образование, слободното време на поединецот, социјалната прифатеност итн.

**Феноменолошкиот аспект** на кривичното дело на убиство/фемицид, односно феноменолошките карактеристики на сторителите најдобро можат да се согледаат преку определување на обемот на делото, старосната граница на сторителите, образовни квалификации на сторителите, националната припадност, повторништвото, структурата на изречените санкции. Целосна претстава, односно големата комплетна слика за феноменолошките карактеристики на сторителите на убиство/фемициди, може да се определи со статистички податоци за веќе наведените феноменолошки карактеристики.
Треба да го потенцираме фактот, дека при истражувањето на овие феноменолошки карактеристики на сторителите на фемициди во Република Северна Македонија постои реален проблем, односно во сите јавно достапни публикации кои се однесуваат на сторители на кривични дела според нивната методологија не обработуваат податоци кои директно се однесуваат на фемициди, туку податоците се однесуваат на сите видови на убиство.

Со оглед на потребата од согледување на феноменолошките карактеристики во иднина потребно е воспоставување на соодветна методологија за истражување и следење и на оваа појава како би можеле да добиеме целосна комплетна слика за тоа.

Непостоењето на единствена дефиниција за фемицид и на меѓународно ниво и на национално ниво го отежнува прибирањето на статистички податоци за овој најекстремен облик на родово базирано насилство. Дополнително, како проблем се јавува и непостоењето на унифициран систем за прибирање податоци на национално и меѓународно ниво.

Но, од направеното истражување, согледување и анализа во однос на криминолошките карактеристики во досегашните достапни податоци ги издвојувам податоците од Државниот завод за статистика и наодите од спроведените 2 (две) досега јавно објавени публикации. Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во Република Македонија подготвена со техничка и финансиска поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП)[6] (септември 2018 ) и Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во Република Северна Македонија 2017-2020[7], изработена со финансиска поддршка на

[6]Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во Република Македонија подготвена со техничка и финансиска поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП )стр. 35[6]

[7] Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во Република Северна Македонија ,Автор на публикацијата Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство“ стр. 18

Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија во рамките на проектот „Подобрување на националните практики во врска со мало и лесно оружје и градење заедници отпорни на насилство“ (ImprovingNational SALW-related Practices and Building Violence Resilient Communities).

| **Причина за смрт** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обид за нанесување на телесна повреда со бесење, странгулација и суфокација | 1 | 2 | | | 1 | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | 8 |
| Обид за нанесување на телесна повреда со бесење, со давење и потопување | | | 1 | | | | | | | 1 | | 1 | | 3 |
| Обид за нанесување на телесна повреда со истрел од пиштол | | | 2 | | | 1 | 3 | | | | 5 | 1 | | 12 |
| Обид за нанесување на телесна повреда со истрел од пушка, кратка пушка и поголемо огнено оружје | | 1 | | | | | | | 2 | 1 | | | 1 | 5 |
| Обид за нанесување на телесна повреда со истрел од друго и неозначено огнено оружје | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 1 | 5 | 3 | | | 1 | | 1 | 20 |
| Обид за нанесување на телесна повреда со телесна сила | | | | | | | 1 | | | | | | | 1 |
| Обид за нанесување на телесна повреда со остар предмет | 1 | 2 | 1 | | 2 | 1 | | | 1 | 1 | 1 | | | 10 |
| Обид за нанесување на телесна повреда со тап предмет | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | | | 1 | 1 | 2 | | | | 10 |
| Друго (што не е опфатено) | 4 | 1 | 5 | 4 | 1 | 3 | | 1 | | 3 | 1 | 2 | 2 | 27 |
| Вкупно | 8 | 9 | 13 | 7 | 7 | 6 | 9 | 6 | 5 | 9 | 9 | 4 | 4 | 96 |

*Табела 1: Вкупен број на убиен жени 2008 – 2020, според причини за смрт.*

Проектот го спроведува канцеларијата на УНДП во Скопје, во рамките на „Патоказот за одржливо решение за нелегалното поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје и муниција во Западен Балкан до 2024 год. Напред наведените анализи се спроведени според истражувањето на Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство“.

По направениот преглед на достапните информациите во делот Население – Умрени лица од насилна смрт, објавени на веб-страницата на Државниот завод за статистика, се доби податокот дека бројот на убиени жени во анализираниот период е 96. Во табела 1 се претставени податоците добиени од Државниот завод за статистика, односно бројот на убиени жени поделени по години, како и причините за смрт. Графикон бр. 1)




*Графикон бр. 1*

Со сумирање на податоците објавени во двете напред наведени публикации во период од 2008 - 2016 година од спроведени анализи на 34 случаи на убиства на жени и анализирани 16 предмети убиства на жени во период од 2017-2020 се извлечени податоци кои се користени во овој труд. При што добиените наоди се однесуваат само на анализираните предмети, кои и се квалификувани во самите публикации како фемициди и преставени според возраст на сторител/жртва, односи помеѓу сторител и жртва, вид на насилство, мотив, метод на убиство, место на случување на убиството и во понатамошниот текст се претставени согласно сумираните податоци и горенаведените индикатори.

Имено, анализата во однос на возраста на жртвата и сторителот е прикажана во следната табела. Тука се прикажани и наодите по возрасни групи. (Графикон бр.2 2) Се заклучува дека и за сторителот и за жртвата, возраста од 41-50 години е најзастапена.

*Графикон бр. 2: Возраст/жртва*




Во поголем дел од анализираните случаи според видови односи е дојдено до заклучок дека жртвата и сторителот биле во блиска врска, односно најчесто се сопружници во 33% или интимни партнери во 12%

кои имаат заеднички деца, или биле во интимна партнерска врска, додека во помал дел се познаници или други членови на семејството. Графикон бр.3)

*Графикон бр.3: Видови односи*




Како најчеста форма на насилство, генерално е психичкото насилство со 30%, додека вообичаено се вршат и повеќе форми на насилство со учество од 24 % во анализираниот период. (Графикон бр. 4)

*Графикон бр.4*



Според методот на извршени убиства од (графикон бр.5) може да се забележи дека најголем дел од убиствата се извршени со огнено оружје, вкупно 18 случаи, додека пак кај 15 случаи, убиствата се извршени со убодни рани со нож.

*Графикон бр. 5*




Во однос на местото на случување, убиствата најчесто се извршуваат во семејниот дом (48% од случаите) каде што жртвата и сторителот живеат заедно, во 24% во дом на жртвата, 15% од убиствата се случиле во домот на родителите и 14% на јавен простор, а додека 9% на работното место на жртвата. (Графикон бр.6)

*Графикон бр.6*



Според  мотивот за убиство во најголем дел од случаите се конфликтни односи помеѓу партнерите прикажани на графикон бр.7.

*Графикон бр.7*




Според собраните анализирани податоци кога зборуваме за кој било сторител на кривично дело, па и за сторителот на кривичното дело убиство/фемицид, најдобро неговото однесување би се сфатило преку профилирање на личноста. Во оваа смисла потребно е да се направи профилирање на лицата кои се појавуваат како сторители на убиство во дадена конкретна ситуација. Емоционалната стабилност на поединецот всушност говори за неговата можност да се носи со различни ситуации во дадени моменти, односно неговата можност да размислува и да делува трезвено и разумно за да не дојде до сторување на некое несакано дејствие. Профилирањето на личноста на самиот сторител на кривичното дело треба да даде комплетна слика за неговата психолошка страна, односно за неговата патолошка состојба. Како основа за утврдувањето на овие две страни на сторителот на кривичното дело најчесто се користат некои доказни средства кои се наоѓаат на местото на кое е извршено делото.[8]

Правилното профилирање, односно правилното спроведување на овој процес во конкретна ситуација треба да ни даде одговор на прашањето зошто некое лице се појавува во улога на сторител и се утврдуваат сите фактори. Дополнително, последиците што настануваат како резултат на извршеното кривично дело, како последици кои се во каузалитет со претходно наведените фактори на сторување на кривичните дела треба да овозможат извлекување на заклучоци за конкретното однесување на лицето на некое кривично дело.[9] Вкупното профилирање на извршителот на убиството во секоја дадена ситуација треба да

[8] Рашиќ, Х, Ковачевиќ, Д., Палијан, Т., Профилирање починитеља убојстава, Полициска сигурност, бр. 2, 2012, 276 - 279
[9] Дјурдевиќ, З., Криминалистичко профилирање, КП Академија, Београд, 2012, 3 - 5

опфати неколку елементи и тоа: агресивната природа, импулсивна природа и задолжително предвид да се има психопатолошка страна на извршителот на убиството–фемицид.

Секако, потребно е и профилирање на самата жртвата, имено општо под поимот на жртва се подразбира секое физичко или правно лице чиишто добра, права, вредности и интереси биле непосредно загрозени, оштетени или уништени со криминално поведение. Видот на жртвите е, исто така, значајно прашање што се наметнува  во речиси сите истражувања, и од областа на виктимологијата, но и од областа на криминологијата. Со видот, односно типологијата на жртвите вообичаено  не се опфаќа индивидуата, ни групи на поединци, туку комплекс од карактеристики што се заеднички за бројни поединци кои секогаш се наоѓаат во определена врска/корелација со останатите нивни меѓусебни различни карактеристики, при што и  секој поединец  е и претставник на типот. Како таква  типологијата можеме да ја издвоиме типологијата дадена од  хрватскиот автор Шепаровиќ, според која жртвите се групираат на:

- волеви или доброволни жртви (жртви кои бараат врз нив да се изврши кривично дело: евтаназија, абортус и сл., како и некои видови на самоубиство),
- непознати жртви (жртви кои не го пријавуваат злосторството),
- небрежни жртви (жртви кои се однесуваат неодговорно спрема сопствената сигурност),
- симулирачки жртви (кои, всушност и не се жртви, туку се подносители на лажни пријави од најразлични мотиви),
- жртви на кривично дело во обид (жртви кои не ја претрпеле планираната штета).[10]

Интересна е и типологијата што ја дава Сулејманов, бидејќи става акцент на  поделба на жртвите што се врзуваат за некое од конкретните насилнички дела. Тој при одредување на жртвите тргнува од следниве критериуми:

- предиспозициите што ги прават лицата поподложни да станат жртви на убиства (пол, возраст, занимање, алкохолизираност),
- интерперсоналните односи меѓу сторителот и жртвата на убиства може да се посматраат од следниве аспекти (карактерот на поврзаноста, критериумот на социјалната припадност, национална припадност, критериум општествен углед),
- интерперсоналните односи меѓу убиецот и жртвата, што му претходат на извршеното дело и виктимогените предиспозиции на жртвата, учествуваат во криминогенезата на убиствата и создаваат три различни преткриминални ситуации и типови на жртви (предиспозиции кои сторителот го поттикнуваат на акција – определена жртва, предиспозиции што жртвата ја прават поприлвлечна во очите на злосторникот - одбрана жртва, предиспозиции што го смалуваат отпорот на жртвата – случајна жртва).[11]

Преку однесувањето на жртвата можеме да донесеме заклучоци за сторителите на фемициди, па затоа воспоставување на соодветна методологија за истражување на жртвите на насилничките кривични дела е повеќе од потребна. Кај нас, за жал, не се прават вакви истражување, но во иднина би било добро да се изгради методологија и да се создадат инструменти за оваа проблематика. Фемицидите/родово базираните убиства се екстремна манифестација на ваквиот тип на  убиства и претставуваат една од најтешките  форма на насилство врз жената на која пред сè ѝ претходи континуирано повеќегодишна тортура/насилство од

[10] Zvonimir, Šeparovič, Viktimologija: studije o žrtvama, Zagreb, 1987, стр. 85-89
[11] Сулејманов, Убиствата во Македонија, стр. 149

секаква форма, особено насилство во кругот на семејство. Ова и не се така изолирани инциденти кои се случуваат ненадејно и неочекувано. Во овој поглед, современото општество е заинтересирано за борба против криминалитетот од сите видови, настојувањата за негово осознавање преку феноменологијата и причините кои доведуваат до пораст на криминалитетот, продирањето во сферата на криминалитетот кој останал неоткриен и неговите сторители неказнети, или продирањето во т.н. „темна бројка" на криминалитетот има се поголемо значење од аспект на негово успешно сузбивање и спречување."

Под поимот „темна бројка" на криминалитетот се подразбираат кривичните дела што воопшто не им се познати на органите на прогон, бројот на оние што се познати, но од различни причини не е покрената кривична постапка и бројот на оние каде што е покрената кривична постапка, но не дошло до пресудување.[12] Секојдневната појава и забележување на насилство предизвика една нова чувствителност и ранливост на нашето општество кон изблиците на суровото насилство. За разлика од порано, насилството сега се јавува како феноменолошка карактеристика на многу видови криминалитет, што го прави потешко, многу потешко се открива и е потешко за проучување.[13]

Како главни причинители што придонесуваат темната бројка на криминалитетот на насилство, особено на фемицидите, да биде многу висока се следните: стравот на жртвите да го пријават стореното дело, договорите кои ги постигнуваат жртвите и сторителите, срамот да се пријави дело на насилство поради страв од етикетирање и стигматизирање од заедницата, неажурноста на органите на прогонот, нивната непрофесионалност, умешноста на сторителите да го прикријат своето дело, но и многу други.

Високата темна бројка на криминалитетот на насилство всушност е доказ за неможноста на правосудните органи да се справат со овој вид криминалитет. Исто така, постоењето на оваа темна бројка придонесува жените да се чувствуваат небезбедно и несигурно. Колку оваа темна бројка на криминалитетот на насилство е поголема толку е помала довербата на граѓаните во полицијата, правосудството и во органите на прогонот, при што аналогно на сето ова, реално постои и тој обратнопропорционален однос.

## ЗАКЛУЧОК

Законската дефиниција за основниот облик на кривичното дело убиство во нашиот Кривичен законик е дадена на еден многу општ начин. Во кривичниот законик на Република Северна Македонија не постои „фемицид" како посебно кривично дело. Треба да размислиме дали има место и потреба и кои би биле позитивните страни доколку фемицидот да се пропише како посебно кривично дело. Би било добро за сите нас, заедно со експерти од различни профили, да размислиме што може да се направи за да се подобри криминално-правната рамка и да се утврди реалната потребата од криминализација на фемицидите. Неспорно е да се истакне дека со ратификација на Истанбулската конвенција, Република Северна Македонија ја презема и обврската за криминализирање на секој намерен акт на физичко насилство кон друга личност без оглед на контекстот во кој се случува. Нашата држава ја презема обврската да го усогласи нашето законодавство со оваа конвенција. Македонија пристапи кон подготвување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, а во подготовката учествуваа и

[12] Љупчо, Арнаудовски, Криминологија, Скопје, 2007, стр. 139

[13] Слаѓана, Тасева, Криминологија: авторизирани предавања, Европски Универзитет, Скопје, 2009, стр. 95

претставници на Хелсиншкиот комитет. Овој закон се донесе и е објавен во Службен весник на РСМ, бр.24 на 29.1.2021 година.

Спречувањето на фемицидите подразбира преземање на сите неопходни чекори на сите нивоа на општеството. Поради ова, уште еднаш потенцираме дека од особена важност во овој период е да се изнаоѓаат нови и креативни решенија за поддршка и заштита на жртвите, а со крајна цел спречување на потенцијалните фемициди. Непрепознавањето на насилството врз жените/родово базираното насилство и семејното насилство значително ја намалува довербата во надлежните институции.

Со оглед на потребата од согледување на етиологијата и феноменолошките карактеристики на фемицидите, во иднина потребно е воспоставување на соодветна методологија за истражување и следење и на ова појава за да можеме да добиеме комплетна слика, а понатаму и за донесување на одлука за криминализација на фемицидот.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 37/96).

Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09 , 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 86/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15 и 98/17;

Љупчо, Арнаудовски, Криминологија, Скопје, 2007,

Слаѓана, Тасева, Криминологија: авторизирани предавања, Европски Универзитет, Скопје, 2009

Дјурдевиќ, З., Криминалистичко профилирање, КП Академија, Београд, 2012, 3 – 5

Zvonimir, Šeparovič, Viktimologija : studied o žrtvama, Zagreb, 1987,

Сулејманов, Убиствата во Македонија,

Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во Република Македонија подготвена со техничка и финансиска поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП)

Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во Република Северна Македонија ,Автор на публикацијата Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство“


## Интернет страни /Web page


https://www.*UNODC*.org/documents/commissions/CCPCJ/Crime_Resolutions/2010-20120192019/2013/General_Assembly/A-RES-68-191.pdf

https://mk.wikipedia.org/wiki/

https://meduza.mk/fem-101/shto-pretstavuva-femitsidot/

https://lecturalacaniana.com.ar/que-es-el-femicidio/

http://apps.who.int/iris/bitstream/10665/77421/1/WHO_RHR_12.38_eng.

A/HRC/14/24/Add.6, Report of the Special Rapporteur on extrajudicial, summary or arbitrary executions, Philip Alston, Fourteenth Session, 28 May 2010

http://www.endfgm.eu/female-genital-mutilation/eu-policy-and-legal-framework/

https://www.stat.gov.mk/